61824



ЗАВРШИЈА ДЕНОВИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ЧЕШКА

# Во Прага блесна македонското сонце

## И гостите и домаќините се согласни дека македонската култура треба да биде поприсутна во Чешка

ЛИЛЈАНА ГРЏО ДАМОВСКА

**Наш известувач од Прага**

Седум дена македонска култура во Прага, понудена преку музика, претстави, филм, книги, сликарство, завршија завчеравечер со балетот „Рајмонда" на македонскиот национален балет. Првпат организирани под мотото „Под македонско сонце", Деновите на македонската култура во престолнината на Чешка влегоа преку Карловиот мост. Камерниот оркестар на Македонската филхармонија, скопскиот Драмски театар, музичарот Кирил Џајковски, групата „Фолтин", сликарот Мирослав Масин и истражувачите од Државниот архив на Македонија кои подготвија три тома зборници за македонско-чешките односи, влегоа на голема врата. А да се влезе во Прага преку Карловиот мост значи дека ќе ве следи среќа. Македонските уметници имаа среќа зашто настапија во полни сали и беа поздравени со одушевување (освен слабата посетеност на еден филм во кино надвор од центарот на градот). Плакатите што го најавуваа македонското културно гостување во Прага по два-три дена веќе беа покриени со други плакати.

Затоа пак, иако кратко, ефектно и симпатично на чешката национална телевизија се вртеше спот што ја најавуваше манифестацијата. Во дневните весници, пак, про-
рамата се појави како препорака
астан што треба да се посети.

### ОДЛИЧЕН ПРИЕМ

Македонската амбасада во ешка се погрижи за беспрекорното функционирање на манифестацијата. Но, и гостите и домаќините се согласни дека македонската култура треба да биде поприсутна во Чешка, да им се овозможи на Чесите да имаат почесто контакти со современото, но и со културното наследство создавано низ вековите.

Министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска, која присуствуваше на првите два дена на манифестацијата, вели дека е задоволна што културата на Македонија првпат организирано се претставува во Чешка и тоа во време кога таа е претседавач на Европската Унија.

- Манифестацијата „Под македонско сонце" треба да ја анимира чешката публика за таа да нè запознае подобро. А ние како земја со вековна традиција имаме што да му покажеме на светот. Со чешкиот министер, кој летово ќе биде гостин во нашата земја, се договоривме македонските уметници и нивното творештво да бидат присутни во Чешка преку нивните најголеми манифестации - вели Канчевска-Милевска.



Ансамблот на балетот, особено првенката Александра Мијалкова, беа поздравени со бурен аплауз за балетот „Рајмонда"

### БОГАТ КУЛТУРЕН ВИКЕНД

За македонскиот културен амбасадор Иво Трајков, манифестацијата имала одличен прием кај публиката.

- Сега е направен првиот чекор за афирмација на македонската култура овде. Треба да се продолжи понатаму и да бидеме поприсутни на фестивалите. Контактите се остварени, Прага виде мал дел од македонското творештво, сега треба да се оди понатаму - вели Трајков.

Пражани имаа богат културен викенд. Кон тоа придонесе и синоќешниот настап на Македонскиот балет со претставата „Рајмонда", која се играше во прекрасното здание старо неколку века, Дивадло на виногради. Ансамблот на балетот, а особено првенката Александра Мијалкова, беа поздравени со голем аплауз и со букети цвеќе. Пред тоа на сцената на театарот, амбасадорот на Македонија во Чешка, Игор Илиевски, ги поздрави присутните, особено Сашо Мијалков (сопруг на балерината Мијалкова и директор на Управата за безбедност и контраразузнавање). Илиевски му се заблагодари што му ја олеснил работата „првиот амбасадор на Македонија во Чешка", зашто Мијалков уште пред дваесетина години трасирал пат на соработка со оваа земја.

Претходната вечер на т.н. Градски сплав, познато место каде што излегуваат младите, настапи групата „Фолтин". Многу млади уживаа со музиката на битолската група, но најразиграна беше македонската актерка Верица Недевска (сопруга на режисерот Иво Трајков), која живее во Прага. Големата слика од 12 квадратни метри, што уметникот Мирослав Масин ја работеше во текот на концертот, му беше подарена на Факултетот за ликовна уметност во Прага.